Јакуб Арбес

СВЕТИ КСАВЕРИЈ

Изданието е финансирано од Министерството за култура на Република Чешка

БИБЛИОТЕКА – *ARS MAGNA*

Главен уредник
Филип Димевски

Наслов на оригиналот
Jakub Arbes, SVATÝ XAVERIUS

Превод од чешки јазик
Драган Георгиевски
НОРША ДООЕЛ СКОПЈЕ

Лектура
Ирена Ралева

Компјутерска обработка
БЕГЕМОТ

Ликовно уредување
Бојан Димитријевиќ

© Сите права на изданието ги има – БЕГЕМОТ ДООЕЛ
Забрането е копирање, умножување и објавување на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без писмено одобрение од издавачот.

Јакуб Арбес

СВЕТИ КСАВЕРИЈ



Скопје, 2016

На грофот Вацлав од Кауниц
Во пријателски спомен
А.

Како што товарот на оној што го носи му е сè потежок колку што го носи подолго, така ќе се зголемуваат и страдањата на човештвото и свеста на човечката беда, додека конечно човештвото не ја сфати во болна тага целосната ништожност на својот труд.

Германски филозоф

Веќе не се грижете за науката во чие име сакаат да ве оковаат! Плодовите од оваа наука мораат да умрат со светот што ја застапува и ѝ служи, и на нејзино место ќе никне нова, разумна и жива наука...

Бакунин кон руската младина, 1896 година

Не знам што би одговорил ако некој ме замоли да му нацртам и обојам пупка од роза. Ама толку знам сигурно дека сега веќе не би можел да нацртам ни од чиста култура, иако уште пред неколку години многумина ме сметаа, особено моите учители по цртање, за „неоспорен талент“.

Толку пати настојуваа да се предадам на сликарството и тоа исклучиво на сликањето цвеќиња, па еден од моите учители дури ми даваше храброст со зборовите: „Ќе ја пропуштиш целта на животот ако одбереш друг правец!“

Да ја пропуштам целта на животот! Колку длабок е изворот на разочарувањата, заблуденостите и страданијата! А, сепак, колку безброј луѓе поминуваат преку него, игриво и насмевнато, без да го испитаат чудното и судбоносното значење на овие неколку зборови!

Припаѓам на илјадниците вакви луѓе...

Ја занемарив забелешката на учителот, најмногу од отпорот зашто некој сакал да ме принуди на нешто, се предадов жестоко на студирањето на реалните науки, без воопшто да размислувам дека воопшто ми останал неодолив афинитет кон сликарството.

Скоро незнајно почнав покрај своите студии да изучувам естетски студии, особено студии за чешкото сликарство.

Зашто немав прилика да патувам, не успеав во овие студии поради причини што се мошне далечни, бидејќи сите мои сознанија можеше да се сведат на површно познавање на повеќе или помалку успешни чртки според сликите на славните мајстори, потоа на познавањето на прашките галерии и некои познати слики во прашките храмови.

Колку ли чудно беше што не ми беше непријатно кога ме посети пријателот и роднина, пејзажен сликар од звучно име, што од Виена дојде во Прага само за таа цел, за лично да се запознае со најдобрите дела на чешките сликари?

Му се понудив да му бидам водич и веќе вториот ден рано наутро тргнавме на пат.

Кога изнајмивме кочија, ја поминавме Прага и ги посетивме скоро сите храмови и црквички за кои знаев дека во нив се наоѓа некоја битна слика, антиквитет или заслужна за посебно внимание.

Одевме три дена.

Ја почнавме уметничката екскурзија во црквичката на Вишеград, гледавме црква по црква.

Со резултатот не само што бевме задоволни туку и изненадени.

Со најголем број слики во прашките храмови е застапен нашиот прославен Карел Шкрета; скоро и не постои храм во кој нема или неколку или барем една од неговите слики.

Освен делата на Шкрета видовме и некои слики од Брандл и Рајнер, потоа две слики од

најпознатиот холандски сликар Петер Павел Рубенс, потоа некои слики од Цимбрехт, Косарт, Тревисани, Вилман, Носецки, Бис, Херинг, Лишка, Хеса и некои други.

Третиот ден попладнето отидовме во најбогатиот, најпрекрасниот и најимпозантниот прашки храм – Свети Никола во Мала Страна.

Од сликите вниманието најмногу ни го привлекоа *Свети Михаел* од неаполскиот сликар Солимена, *Света Барбора* од Лудвик Кол, *Спасителот на крст* од Шкрета и покрај фреските во сосема кружната купола и трите апсиди од Франтишек Кс. Балко, најбитното дело на овој уметник, што се наоѓаше од десната страна на еден од бочните олтари: *Свети Ксавериј на умирање*.

Во храмот Свети Никола, во кој го завршивме уметничкото поклонение, се задржавме подолго време.

Речиси најмногу стоевме пред *Свети Ксавериј* на Балко.

Беше попладне и сончевите зраци што влегуваа во храмот од југозапад беа причината што сликата свртена кон зајдисонцето имаше најдобра осветленост.

Пријателот долго гледаше кон сликата со внимателен поглед, јас стоев молкум покрај пријателот; на крајот тој како да не можеше некако да се свести, праша:

„Балко бил Чех?“

„Не“, велам. „Се родил во Вроцлав. Во Прага ја поминал само последната доба од својот живот и тука умрел. Татко му исто така бил сликар. Балко се образовал според италијан-

ските школи. Подоцна го терал и својот син да се занимава со сликарство и тој самиот го образовал; ама делото на синот не ги надминале сликите на таткото“.

„Да, знам, знам“, истакна пријателот, како со живописните податоци да се сети на позицијата што ја зазема Балко во уметноста.

„Ама нешто ме буни во сликава“, продолжи по кратка пауза, без да ги тргне очите од сликата. „Гледам очигледно слаби траги од италијанската школа; но првичноста на концепцијата и изведбата не можат да се отфрлат и невнимателни потсетувања во техничкиот дел тука не доаѓаат ни предвид. Колку повеќе ја гледам сликата, толку повеќе ми изгледа дека гледам нешто задебелено во контурата, што сум го видел кај сликите на германските сликари. Дури ми изгледа како тука задебелеността и здрвеноста да не е случајна, туку намерна...“

Го избистрив погледот додека ја гледав сликата; ама моето неискусно око ништо посебно не забележа.

Тогаш го изнесов сопственото мислење на тој начин; само пријателот, чие око беше далеку поискусно и побистро од моето, си остана на своето тврдење.

Со тоа го завршивме уметничкото поклонение и, откако излеговме од храмот, се упативме дома.

По патот пријателот рече:

„Не се надевав дека во прашките храмови има толкаво богатство; штета само што скоро сите овие богатства на сликарската уметност се повеќе или помалку запуштени, што поголеми-

от дел од сликите се наоѓа во најлоша светлина и се уништени во толку цркви. Нема ли да е возможно сите или барем најбитните слики да се сместат во еден или во два од најголемите храмови и така да се обрати поголемо внимание на чешката сликарска уметност?“

„Се сомневам дека е можно“, одговорив сигурно. „Прво, не познавам никого што би ја прифатил оваа мисла и да има доволно средства и енергија да ја изврши. Второ, ова мислење би разбудило силен отпор зашто јасно е дека ниту еден од прашките храмови не би се откажал без бунт од исклучителниот уметнички споменик за украс или за напредок на некој друг храм“.

„Нешто мора да се стори, за чешката сликарска уметност да не остане повеќе време и понатаму толку незабележана како досега“, ми предложи пријателот. „Земи го кој сакаш уметнички лексикон, германски, француски или англиски, земи која сакаш книга за историјата на уметноста на некој странски јазик, земи која сакаш листа на странски јазик и ќе видиш дека за чешките сликари, па ни за Шкрета ни за Брандл нема ни најмала забелешка, ниту најситно споменување, ништо не значат.

Изгледа, море сигурно е дека има некој систем во ова незабележување на чешката уметност. Нашите германски соседи, што од дамнина живеат во непријателство со чешкиот народ, посрамија сè што беше чешко, а на што не можеше директно да се посрами барем систематски го игнорираа; францускиот, англискиот и другите народи се многу оддалечени за да ја забележат ситничката чешка земја и свои-

те сознанија ги преземаа од списите на нашите најблиски соседи, Германците.

Сепак, вистина е дека не може да се зборува, во најтесна смисла на зборот, за некоја посебна чешка сликарска школа, сепак чешкото сликарство може да се гордее со многубројни, а во многу смисли, и оригинални дела, дека секако не би останало без благотворно внимание ако барем најбитните чешки слики општо ги запознаат како уметниците, така и лаиците. И затоа, како што веќе споменав, нешто мора да се стори“.

„Навистина би било полезно ако нешто се направи“, одвратив, убеден од зборовите на пријателот. „Само се работи за начинот како најлесно да се заврши тоа“.

„Нешто мораме да направиме“, рече пријателот. „Ќе објавиме збирка од најбитните чешки слики во боја!“

„Се согласувам, но кој ќе преземе толкав голем трошок за нешто што, едноставно, не може да се каже дали ќе се исплати?“

„Тоа е веќе моја грижа“, рече другарот. „Ќе им го пренесам предлогот на моите бројни пријатели и, ако се согласат, ќе ја средиме работата. Секој од нив би бил одговорен за една или две слики и во најблиска можност би направил веродостојна копија; подоцна ќе се погрижиме за да го собереме потребниот капитал за издавање на првата збирка, која според околноста би можела да содржи, да речеме, две или три копии. Текстот што мора да се додаде на чешки, руски, италијански, француски и англиски јазик, ќе мораш сам да го средиш и исто така би

те замолил во оваа насока повеќе да проучуваш и да добиеш привржаници за оваа мисла“.

Бев задоволен од предлогот, ама сепак сметав дека е добро да се потенцира дека веројатно малку ќе можам да учествувам во работата за која е потребно долгогодишни подготвителни студии.

„Не се плаши дека ќе ни требаат твоите услуги годинава“, одговори пријателот. „Сигурен сум дека со најдобра волја и енергија ќе може да се издава дури по неколку години, па од тебе барам само во оваа насока повеќе да изучуваш, па и ако не ни успее планот, сигурно нема да ти штети“.

Веќе не можев да се спротивставувам од чиста пристојност, па ветив дека ќе сторам како што сака пријателот. И искрено кажано, долго време толку ме одушевуваше мислата што скоро не ни размислував на ништо друго.

Уште истата вечер се простив со пријателот што се враќаше во Виена. По патот останал кратко време во Кутна Хора за да разгледа некои слики на Брандл, особено истиот Христос на крстот во блискиот седлецки храм.

Од тоа време поминаа неколку години без да го видам пријателот. Се допишувавме само ретко и секогаш со неколку збора, па скоро ништо не знаевме еден за друг.

Во писмата никогаш не го споменавме заедничкиот план. Зашто не можев да преземам иницијатива за работата, го чекав повикот на пријателот, ама тој молчеше за планот.

Можеби кога им се доверил на своите пријатели, не наишол на поддршка...

Инаку, во нашиот личен живот, настанаа многу битни промени.

Пријателот стана учител по сликање на принцот-наследник Рудолф и надвојвотката Гизела и, освен тоа, сакаше да му се посвети и на својот творечки дух, беше многу зафатен со работата, а јас од безгрижно студентче станав човек препуштен сам на себе, морав да се откажам од сите други естетски студии и да побарам практична работа.

Градскиот совет на мојот роден град не ме сакаше за записничар, едното покраинско министерство не ме сакаше за службеник, па прво станав дилетантски писател, а подоцна новинар, со што планот за објавување на најубавите слики на чешките сликари во боја, ако не засекогаш, барем се одложи за долги години.

Многу мисли често пуштаат корени толку длабоко, што на човека и, покрај сето одбивање, и по долги години му се враќаат, како да сакаат да истакнат дека некогаш ќе ги затресат нервите на мозокот, за да се сметаат за способни за живот, а сепак не се реализираат.

Слично се случи и со мене.

Уште по долги години откако загубив секаква надеж дека ќе се оствари, ми се врати мислата за издавање на најбитните чешки слики во боја, со толкава упорност и непредавање, што многупати и против моја волја ме водеше во некој храм или библиотека за да се подготвам за задачата што требаше да ја извршам во исполнувањето на мислата.

И така, во едно прекрасно летно попладне, влегов во храмот на Мала Страна, Свети Ни-

кола, и застанав пред сликата на Балко, *Свети Ксавериј на умирање*.

Беше вистински „благослов“ што храмот беше скоро празен.

Не го забележав свештеникот кај олтарот ниту луѓето во храмот, зашто во познатата црква освен сликата на свети Ксавериј, пред која стоев, друго ништо не ме интересираше.

Беше веројатно во истото време како кога ја забележав сликата за првпат во друштво на пријателот. Повторно се наоѓаше во најубавото светло, сончевите зраци што излегуваа од прозорецот над олтарот се одразуваа од спротивниот ѕид и паѓаа повторно на сликата на олтарот, така што не можев да посакам подобро осветлување на оваа специфична слика.

Колку повеќе ја гледав сликата, толку повеќе ми го привлекуваше вниманието. Познавав и поубави слики во прашките храмови, само токму оваа слика тогаш ми предизвикуваше некаква неодолива магија на мојата фантазија.

А сепак нема нешто попросто од сликава!

Човек што умира!

Колку милиони луѓе умирале и умреле поинтересно, попоетски од овој маж што го нарекуваат свети Ксавериј!

Сепак, додека ја гледав сликата, не ми текна кој бил овој маж и со што помогнал и наштетил да напредува човештвото, во него гледав само човек што умира со вера цврста како карпа, во која го нашол своето спасение.

Сликата има сосема темен карактер, како сликарот посветлите бои да ги користел само за да го зголеми впечатокот на потемните.

На пустиот морски брег умира сам маж во црна монашка одора. Малку прилегнат одмора на импровизиран кревет, на груба рогозина, со грбот е потпрен на карпа што е врз него од груби камења, прачки и јужни треви со кои набрзина е направен некаков покрив што треба да го брани човекот на умирање барем од најсилното печење на индиското сонце.

Црното монашко руво е малку отворено кај градите; долниот дел од телото е покриен со грубо ќебе, под кое може да се видат само истоштени ковчести нозе со посивена боја, во левата рака човекот на умирање држи дрвен крст со Христос, десната му е свиткана кај лактот и паѓа неволно.

Главата што некогаш му појавувала енергија и сила, сега само резигнација и потполна преданост кон неповратната судбина, некако е навалена наназад; посивеното лице со нарасната кратка брада, неговите силно развиени коски на лицето, длабоко пропаднатите очи и воопшто сите црти укажуваат на маж што инаку бил необично жилав, страстен, па и фанатичен, свртен кон небесата во насока на морето, како погледот да му останал во сончевиот сјај, чија жолтеникава преплавеност во заднината на сликата сведочи дека сонцето допрва ќе зајде или веќе зашло...

Толку едноставна слика ако уште ја паметам по многу години.

Не можам да го опишам изразот на посивеното лице, особено очите пропаднати длабоко во дупките и вперени во нејасната празнина.

Во миговите кога ја гледав сликата не гледав израз на монашки фанатизам во лицето на

човекот на умирање, што се откажува од сиот светски раскош и што работел само за лажни соништа, туку преголема болка, помирена само со цврста надеж во спасението, што уверува во силината на верата и овоплотената доверба во мислата, во која иако се сомневаат илјадници, сепак може да биде котва и конечно спасение за човекот што ќе ѝ остане верен.

Зашто сакав да ја гледам сликата поудобно, ја отворив исповедалницата спроти олтарот и седнав внатре.

Во храмот, како што веќе кажав, немаше скоро никој и изгледа дека и свештеникот кај олтарот се водеше според тоа: ги заврши црковните обреди малку порано од вообичаено.

Свештеникот си замина од олтарот, побожниот народ, повеќето пензионерки и просјачки, кога ја завршија побожноста, почнаа да го напуштаат храмот.

За кратко од сакристијата се истопори сакристанот[1] со врзоп клучеви во раката и со svечкањето во воздухот, според навиката на неговите колеги, најавуваше дека за оние што задоцниле веќе им е време да завршат со побожноста и да го напуштат храмот, одеше нерасположено од главниот олтар до влезот на храмот.

Додека седев во исповедалницата видов сè што се случува во третина од наосот на храмот, без да ме гледаат и, кога и јас сакав да го напуштам храмот, нешто посебно ненадејно ми го привлече вниманието.

---

[1] Прислужник во католичката црква што се грижи за сакристијата – место каде што се облекува свештеникот пред светата Миса. (заб. на прев.)